# Газибаба Општина

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ЈУЛИ 2009 - БРОЈ 12


## МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ



## "ГАЗИ БАБА 2009"



СЕ РЕШАВА ПРОБЛЕМОТ СО КАНАЛИЗАЦИЈАТА



АКТИВНОСТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА ОД МАНДАТОТ



АНГАЖИРАНИ 80 СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ

# Акција за подигање хаварисани возила

Општина Гази Баба ја почна акцијата за отстранување хаварисани возила од јавните површини.

Во првата фаза, комуналната инспекција и комуналните редари од Општината ги известуваа сопствениците на хаварисаните возила, односно лепеа жолти налепници, како предупредување сами да си ги подигнат истите во рок од 15 дена.

Оние возила што не беа подигнати од јавните површини, по налог на комуналната инспекција, фирма за извршување со асистенција на полиција, присилно ги отстрани и ги однесе во депото на фирмата.

Во депото, хаварисаните возила стојат 30 дена, од каде што сопствениците ќе можат да си ги подигнат. По истекот на тој рок, фирмата врши пресување на возилата.

Акцијата почна во н. Автокоманда, а во наредниот период ќе се спроведе и во преостанатите населби на Општината.




## Чистење диви депонии

■ На барање на општина Гази Баба, ЈП "Комунална хигиена", во месец мај, спроведе акција за расчистување диви депонии на подрачјето на Општината.




Акцијата се одвиваше во урбаните заедници Керамидница, Кирил Петрушевски и Маџари, каде што на 10 локации беа подигнати околу 70 м$^3$ шут и комунален отпад.

Комуналната инпекција апелира до граѓаните комуналниот смет да не го оставаат надвор од контејнерите, а за подигање на шутот да се јават во ЈП "Комунална хигиена".

# Пролетно чистење на Општината



■ Градот Скопје во соработка со скопските општини организираше голема пролетна акција за расчистуање на градот "Заедно за чисто и зелено Скопје".

Акцијата почна во Општина Гази Баба и се одвиваше на 11, 12 и на 13 мај.

Учествуваа урбаните заедници, куќните совети, училиштата, а се вклучија и сите заинтересирани граѓани што сакаа да дадат сопствен придонес за почиста општина.

Се изнесуваа стари и неупотребливи предмети од домакинствата и се чистеше просторот околу зградите.

Во акцијата помогнаа екипи од ЈП "Комунална хигиена", "Паркови и зеленила" и ЈКП "Гази Баба 2007".

## Пролетна дератизација

■ Општина Гази Баба и годинава изврши пролетна дератизација на шахтите на своето подрачје.

Цел на дератизацијата е уништување на глодарите (глувците), а со истата беа опфатени околу 2000 шахти.

По префрлањето на надлежностите од Град Скопје на општините, Општина Гази Баба редовно врши дератизација, два пати во годината.

Дератизацијата се врши со препаратот Глодацит плус, а работите ги изведуваше Заводот за здравствена заштита на Град Скопје во соработка со Ј.П. Водовод и Канализација.



ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА ОД МАНДАТОТ

# Продолжуваме со реализација на планираните активности

Почитувани сограѓани,
најнапред би сакал уште еднаш да ви се заблагодарам за дадената доверба, заедно да ја градиме иднината на Општина Гази Баба. Фактот што поддршката ми ја дадовте во првиот изборен круг, претставува потврда дека и досегашната моја активност, како член на Советот во Општината, а подоцна и како претседател на Советот, ја извршував транспарентно и одговорно, во интерес на граѓаните.

Општината не треба да биде само законско административна целина во која што по дефиниција има одреден број населени места што имаат одредени потреби и проблеми кои што заедно треба да ги решаваме. Таа треба да биде место со кое сите ние треба да се гордееме, препознатлива, како во градот Скопје, така и пошироко, место каде срećно ќе растат нашите деца, во градинките и училиштата ќе имаат пријатни услови за престој и учење, места за спорт, рекреација и дружења, културни домови, добро уредени паркови и туристички места, сообраќајници, а пред се квалитетна и здрава вода за пиење и функционална одводна и атмосферска канализација, работи кои што се од егзистенционална потреба на граѓаните.



**Тони ТРАЈКОВСКИ**
Градоначалник на Општина Гази Баба

Од самиот почеток на моето доаѓање, ја почнав реализацијата на Програмата. Иако изминаа 100 дена од мојот мандат, сметам дека дадов свој белег во работата на Општината.

Дел од Проектите кои што ги почнавме со претходниот Градоначалник ги продолжив, некои од нив ги завршивме, а преостанатите набргу ќе бидат завршени.

Во реализацијата на сите проекти активно се вклучени месните и урбаните заедници.

Би потенцирал дека соработката со членовите на Советот на Општината е одлична и од неколкуте седници што ги одржавме, можам да констатирам оти го продолжуваме континуитетот кој го имавме во изминатите години, односно она по кое Општина Гази Баба беше препознатлива, а тоа е дека Советот работи конструктивно, со предлози, препораки и Одлуки, со една цел - подобрување на условите за живеење на граѓаните.

Би сакал да кажам дека моето мото на изборите беше "Заедно можеме повеќе", која што е и основна мисла што ме води и ќе ја следам во следните четири години, заедно да ја направиме Општината пријатно место за живење.

Во оваа економски тешка година, од Вас, почитувани граѓани барам поддршка, трпение и сугестии за заедничко решавање на проблемите што се пред нас.





## Детски катчиња

■ На Плоштадот во населба Автокоманда и во паркот Ченто во населба Ченто, направени се детски катчиња со забавни реквизити.

Во наредниот период ќе се продолжи со поставување на вакви реквизити и во останатите населени места.




## Направена такси станица во н. Железара

■ Постојниот паркинг простор на ул. Коце Металец во н. Железара, е проширен и асфалтиран, со што такси возилата добија место за такси станица.



## Отстранет кранот од н. Автокоманда

■ Со залагање на Општина Гази Баба и со помош на Претпријатието за стопанисување со станбен и деловен простор, конечно е от-



странет кранот од ул. 16 Македонска бригада во н. Автокоманда.

Овој кран претставуваше потенцијална закана по безбедноста на жителите од оваа населба.

## Растеретување на линии на улично осветление

■ Општината спроведе акција за растеретување на линиите на уличното осветление.

## Поставување електрична мрежа во н.м. Раштак

■ До резервоарите во н.м. Раштак, во соработка со Град Скопје, во тек е поставување електрична мрежа.

## Нов електричен кабел во МЗ Алија Авдовиќ

■ Општината за засилување на напонот на електричната мрежа, постави електричен кабел во МЗ Алија Авдовиќ, во должина од 150 м.

## Одржување на електричната мрежа

■ Стручните служби од Општината континуирано вршат замена и репарирање на живини светилики и тековно ја одржуваат електричната мрежа.

Заменети се 240 светилки од 125 W, и 110 светилки од 250 W.



# Најубаво уреден

## двор, балкон и блоковско зеленило

Општина Гази Баба организираше завршна промоција и доделување на наградите на проектот "Цвеќето и зеленилото во нашата општина". Проектот кој традиционално се имлементираше со Организацијата на жени на општина Гази Баба, опфаќа избирање и наградување на најубаво уреден двор, балкон и како новитет годинава, најубаво уредено блоковско зеленило, односно зеленило во станбените згради во Општина Гази Баба.

Во рамките на проектот се одржаа две едукативни работилници каде што стучни лица ги претставија најдобрите начини на проектира-





ње и одржување на зелени површини со цел да се добијат што подобри и поконкурентни зелени и цветни површини. Изработена е и брошурата "И цвеќето зборува" која беше поделена учесниците на работилниците и на заинтересираните граѓани.

Интересот за овој проект од година на година станува се поголем а и ефектите од истиот веќе се одразуваат на колоритот на општината. Се надеваме дека со вакви проекти во голема мера ќе се поттикне креативниот дух и ќе го мотивира населението да ја озелени и обои својата животна средина, а со самото тоа ќе се разубави и општината.



## Спортско - забавен центар

Во н. Триангла, (зад Напредок) на површина од 170 м², Општина Гази Баба изгради мини спортско - забавен центар, каде што децата ке можат да се забавуваат на детските забавни реквизити и да спортуваат на кошаркарското игралиште.

## Детско игралиште

Најмладите жители од н.м. Црешево, добија катче каде што ќе можат низ игра и забава да го поминуваат своето слободно време. На површина од околу 100 м², во ова населено место е направено детско игралиште, на кое се поставени детски забавни реквизити.

## Реконструкција на неколку спортски сали

Спортските сали во основните училишта: Дане Крапчев, Стив Наумов, Крсте Мисирков и Н. Н. Борче беа реконструирани, за да се подобрат условите за одржување на часовите за физичко воспитание.



## Реконструкција на игралиште

Се изврши реконструкција на игралиштето за мал фудбал во н. Триангла.

Се заменуваа оштетените заштитни мрежи зад головите и оштетените делови од вештачката трева.



## Обиколницата пуштена во употреба



■ Премиерот Никола Груевски го пушти во употреба вториот дел од северната обиколница на Скопје што се протега на 14,9 километри од Хиподром до Оризари.

### Поодобрување на водоснабдување

■ На улицата "Перо Наков", на потегот од Супер Тинекс кон Маџари, ЈП Водовод и канализација во соработка со Општина Гази Баба набрзо ќе почнат со реализација на нова водоводна мрежа, со цевки со пречник Ф500 со што ќе се подобри водоснабдувањето во Маџари, Триангла, Хоподром, Кирил Петрушевски, Ченто и населените места Инџиково, Синѓелиќ и Стајковци.

### Филтер станица во н.м. Раштак

■ На системот за водоснабдување во н.м. Раштак, во соработкла со Градот Скопје, поставена е филтер станица за прочистување и за подобрување на квалитетот на водата за пиење.



# Се решава проблемот со канализацијата

Во тек се градежните активности на одводната и атмосферска канализација на потегот Инџиково, Хиподром, река Вардар. Инвестицијата е 3 000 000 евра, од кои 1 000 000 евра се обезбедени од Владата на РМ, 2 000 000 евра од ЈП Водовод и канализација, а трошоците за експропријација ги сноси Општина Гази Баба.

Условите за работа на овој објект се едни од најтешките во Градот и Државата, бидејќи постојано се работи под вода.

Просечната длабочина на која што се поставуваат цевките е 6,5 метри, а на некои места на длабочина од 3,5 метри се појавува подземна вода.

Со реализација на овој проект за фекална канализација ќе се реши проблемот на околу 30 000 жители.

Премиерот Никола Груевски, градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски, заедно со претставници



од месните и урбаните заедници го посетија објектот за да видат како се одвиваат активностите околу изградбата на канализацијата.

На потегот од реката Вардар, до и по должина од 250 метри на ул. "Благоја Стевковски" ќе се постави и цевка за атмосферска канализација.



# Расчистување на кејот на р. Вардар

Во соработка со Министерството за транспорт и врски и Градот Скопје, Општина Гази Баба почна акција за расчистување на кејот на реката Вардар.

Во акцијата се вклучени 50 работници кои што се ангажирани од Општината, а се дел од проектот на Владата за ангажирање на работници за извршување јавни работи.

Во акцијата, со механизација (багери, камиони кипери) учествуваат повеќе компании што се наоѓаат на територија на Општина Гази Баба.

За квалитетно извршување на работните задачи на сите работници ангажирани со проектот им се доделени работни облеки и опрема.



## Тротоар на улица Маџари



Општина Гази Баба со помош од Градот Скопје, врши поплочување на тротоарот на ул. Маџари со павер елементи. Се работи на потегот од О.У. Дане Крапчев кон надвозникот над автопатот во Маџари, со вкупна должина од 245 метри.

## Чистење на каналот во с. Сингелиќ

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, на потегот од ул. Алија Авдовиќ до н.м. Стајковци во должина од 2000 м, се изврши машинско чистење на ободниот канал во с. Синѓелиќ.

## Исчистено коритото на потокот во с. Црешево

Коритото на потокот кој поминува низ с. Црешево во должина од околу 200 м, е комплетно исчистено од шут, отпадоци и наталожен материјали.

## Поставени павер елементи

Општина Гази Баба во соработка со Градот Скопје, на површина од 300 $m^2$, со павер елементи уреден е влезниот пристап и платото пред Црквата Св. Петар и Павле во н.м. Брњарци.



## Изграден е тротоар на бул. Александар Македонски

На потегот од бензинската пумпа Индустриска до Агросервис, во соработка со Градот Скопје, комплетно е завршен тротоарот по бул. Александар Македонски.

Со изградба на тротоарот, пешаците побезбедно ќе се движат на овој дел од Општината.

## Тротоар на улица Благоја Стефковски

Во соработка со Градот Скопје, комплетно е завршен тротоарот од десната страна на улицата Благоја Стефковски.




## Крпење на ударните дупки

■ На територијата на Општина Гази Баба во тек е активноста - крпење на ударните дупки.

Оваа активност почна во населените места Железара и Автокоманда и продолжува во преостанатите населени места во Општината.

Изведувач на работите е фирмата "Изолација" од Скопје.

## Кастрење гранки

■ Почнати се активности за расчистување на гранки кои што ги обраснуваат уличните светилки и драстично ја придушуваат нивната светлина.

Овие активности континуирано ќе се изведуваат.

---

## Тампонирање улици

- Во вкупна должина од 300 м, тампонирани се две улици во н.м. Стајковци.
- Во н.м. Јурумлери, во месноста Кочманово, тампонирана улица во должина од 400 м.
- Во н.м. Гоце Делчев, во месноста Бела Вода, тампонирана е улица во должина од 150 м.
- Во н.м. Трубарево, кај гробиштата, тампонирана е улица во должина од 300 м.
- Расчистен е и израмнет патот кон новите гробишта во с. Синѓелиќ

## *Ангажирани сезонски работници*



■ Во соработка со Владата на РМ, Општина Гази Баба ангажира 80 сезонски работници за расчистување и одржување на хигиената на целата територија на општината и одржување на јавните зелени површини.

Општината обезбеди дополнителни финансиски средства за работниците како и соодветна заштитна облека и опрема за работа.

# Одбележан денот на победата над фашизмот



Иоваа година Општина Гази Баба го одбележа 9-ти Мај Денот на победата над фашизмот. На споменикот на Методија Андонов - Ченто во населбата Ченто, свежи цвеќиња положија: делагација на Општина Гази Баба, делегација на Советот на Општина Гази Баба, делегации на Урбани и Месни заедници, како и делегации на граѓани и на здруженија.

## *СОС Детско Село го прослави својот јубилеј*

■ Градоначалникот Тони Трајковски присуствуваше на свеченоста по повод 60 години од формирање на првото СОС Детско Село.

Од Општината како подарок, децата добија фотоапарат, а на аукцијата каде што се продаваа цртежи изработени од децата од Детското село, Општината купи три експонати.

За своите залагања и помош на Детското село, Градоначалникот доби благодарница.





## Средба со претставници на ЗДФ

■ Во просториите на Општина Гази Баба се одржа состанок со претставници на германската невладина организација - ЗДФ. На состанокот се разговараше за досегашната успешна соработка меѓу ЗДФ и ОГБ, како и за натамошното проширување на соработката.



## Отворена канцеларијата на Центарот за развој на скопскиот плански регион

■ Во организација на Советот за развој на Скопскиот плански регион и УСАИД Проектот за Локален - економски развој МЛГА, градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, како претседател на Скопскиот плански регион, ја отвори канцеларијата на Центарот за развој на Скопскиот




плански регион.

Канцеларијата ќе претставува логистичка точка, преку која целиот скопски регион ќе ги имплементира своите развојни стратегии, акциони програми и проектни решенија.

По официјалното отворање, следуваше седницата на Советот за развој на Скопскиот плански регион, на која се презентираа резултатите за проценка на општествените вредности во скопскиот регион и Нацрт - верзијата на Програмата за развој на Скопскиот плански регион.

Центарот за развој на скопскиот плански регион е со седиште во Бизнис инкубаторот кој се наоѓа во близина на студентскиот центар Стив Наумов.





# Потпишана Спогодба за меѓуопштинска соработка

Градоначалниците на Општините Гази Баба, Илинден и Петровец, Тони Трајковски, Жика Стојановски и Борче Митевски потпиша Спогодба за меѓуопштинска соработка за почнување активности за формирање заедничко Јавно претпријатие за водоснабдување.





# Соларни светилки на двата моста на регионалниот пат Р103



На мостовите во населбата Гоце Делчев во Општина Гази Баба во месец април беше поставено улично осветлување на соларна енергија.

Целта на оваа активност е на Општината е да се зголеми безбедноста во сообраќајот на овие два моста, со енергија што е еколошка и економски исплатлива.









# *Нова трафостаница во н. Хиподром*

■ По иницијатива на жителите на н. Хиподром 2 и активностите на Општина Гази Баба во соработка со ЕВН, беше пуштена во употреба нова трафостаница, што ќе напојува со електрична енергија околу 50 куќи. Напонот од постојната трафостаница во н. Хиподром изнесуваше од 90 до 110 V. Со новата трафостаница, до куќите ќе пристигнува напон од 220V, што ќе ги реши големите проблеми со напојувањето на електрична енергија, кои ги имаа жителите од оваа населба.











# Потпишан меморандум за соработка *со Општина Велење*

Во рамките на својата посета на Република Словенија, градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски и градоначалникот на Оштина Велење, Сречко Мех, потпишаа меморандум за соработка и пријателство.

Со овој меморандум двете општини го потврдија своето пријателство и отворија можности за соработка во сите сфери од заеднички интерес во областа на економијата, културата, спортот, туризмот, рекреацијата и други активности. Истовремено градоначалниците се согласија за потребата од соработка во креирањето на заеднички проекти со кои би аплицирале во европските фондови.

Во Општина Велење го посетија и претприемачкиот средношколски образовен центар. Истиот нуди одлични можности за едукација и пракса на учениците во реални производствени услови. Целиот тој комплекс е во вредност од 15 милиони евра и претставува еден од најоригиналните образовни форми за едукација на млади луѓе во ЕУ во сферата на техничките науки. Притоа беше констатирана потребата еден таков комплекс да се изгради во нашата општина и во Градот Скопје.

Во текот на својата посета на Република Словенија Градоначалникот на Општина Гази Баба го посети и Технолошкиот парк во Мурска Собота, каде што се запозна со сите можности и предности во стимулирањето и привлекувањето на млади и иновативни претприемачи.

## Средба со претставник на Австриската амбасада

Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски оствари средба со претставникот на Австриската амбасада, Геро Стуллер, Аташе за социјални-политички прашања, и заштита на потрошувачите.

На состанокот се разговараше за активностите што ги презема Општината на полето на економско-социјалната состојба на територијата на Општината Гази Баба, невработеноста, заштитата на потрошувачите, семејното насилство и разни теми од областа на социјалата.







# Средба со директорот на НДИ-Македонија




Градоначалникот на Општина Гази Баба, Тони Трајковски, на почетокот на својот мандат, оствари средба со директорот на Националниот демократски институт - Македонија, Крис Реншо. На почетокот од средбата, Реншо му ја честиташе изборната победа на градоначалникот Трајковски.

На состанокот се разговараше за интензивирање на соработката меѓу НДИ и Општина Гази Баба на полето на подобрувањето на комуникацијата на граѓаните со Градоначалникот. Националниот демократски институт - Македонија работи на развој на одржлива демократија во Република Македонија и го поттикнува непосредниот контакт меѓу граѓаните и нивните политички избраници.

Градоначалникот присуствуваше и даде свој допринос како поранешен асистент во канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните на семинарот за обука на новите асистенти.



# Средба со високи претставници на ПСМ фондацијата

Градоначалникот Тони Трајковски оствари средба со г. Андерш Штолен, директор за интернационални операции на СИНТЕФ Норвешка и г. Александар Секулиќ, извршен директор на Претприемачкиот сервис за млади фондација.

На средбата се изрази задоволство од досегашната успешна соработка на општината и бизнис инкубаторот за start up компании, лоциран во Општината.

Резултат на таа соработка се многуте новоотворени страрт уп компании, пред се, на млади претприемачи. Основната цел на овој проект беше и останува, јакнење на претприемачкиот дух меѓу младите во Општината Гази Баба и градот Скопје, влиаејќи директно и индиректно на намалување на невработеноста меѓу младите и стимулирање на МСП секторот.

Се истакна и потребата од проширување на просторниот капацитет на бизнис инкубаторот како претпоставка за подинамичен развој на ПСМ фондацијата.

На крајот се истакна цврстото партнерство меѓу двете институции, истакнувајќи ја потребата од проширување и продлабочување на таа соработка. Во таа насока и ПСМ фондацијата и Општина Гази Баба заеднички ќе дејствуваат во остварување на целите и на интересите.





# Акција за дарување крв



Во организација на Црвен крст на Општина Гази Баба, екипа на Р.Е. Трансфузиологија при ЈЗУ клиника по хируршки болести "Св. Наум Охридски" - Скопје, спроведе акција за дарување крв. Вработените во општинската администрација се вклучија во оваа акција, при што се собраа 9 единици крв.








# Хуманитарна акција "Недела на солидарност"

На почетокот на годинава Општина Гази Баба во соработка со Црвениот крст на Гази Баба ја одбележаа традиционалната "Недела на солидарност" под мотото "Вашиот прилог - значајна помош" како и кампањата "За посреќно детство".

Целта на оваа акција беше да се подигне свеста на населението за мегусебна поддршка и помош меѓу луѓето, се со цел да се побуди чувство на хуманост и солидарност.

Активностите со кои беше одбележана оваа акција беа насочени кон организирање собирни солидарни акции во локалната самоуправа, а истите беа доставени до Општинската организација на Црвениот крст "Гази Баба".

Градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски на социјално загрозени семејства им поделени десет пакети со прехранбени артикли.

Општина Гази Баба постојано ја негува хуманоста, солидарноста и соработката со Невладините организации, која ја докажува со учество во многу заеднички активности.

## Средби со граѓаните на ОГБ

Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, постојано е во контакт со граѓаните преку средби во урбаните и месни заедници.

На средбите присуствуваат и стручните служби од општината, претседателот на Советот и членови на Советот на Општината.

На средбите се дискутира за тековните активности на Општината поврзани со урбаните и месни заедници, нивните проблеми и можни начини на решавање на истите.

## Приемен ден

Своите проблеми, било да се од лична природа или проблеми со кои се соочуваат граѓаните во местата каде што живеат, можат да ги кажат и да побараат помош или совет од Градоначалникот Тони Трајковски.

За таа цел, понеделник е ден за средба со граѓаните со претходно договорен термин. Телефонот на кој што граѓаните можат да закажат средба е 322 66 55.

Досега над 400 граѓани имаат побарано помош, најмногу за вработување, проблеми од областа на социјалната заштита и многу други лични и општи потреби.

## Хуманитарна забава за децата со цистична фиброза

Општина Гази Баба и подмладокот на Хуманитарната организација "ХОА Ангелчиња" на 18 јуни организираат хуманитарна забава во летниот клуб ХАВАНА во Градскиот парк.

Средствата собрани од продадените влезници се наменети за доопремување на Одделението за деца заболени од цистична фиброза на Детската клиника во Скопје.


Претседател на Совет
Милан АНДОНОВСКИ
ВМРО-ДПМНЕ


Ацо Петрушев
ВМРО-ДПМНЕ


Кираца Тутевска
ВМРО-ДПМНЕ


Бобан Стефковски
ВМРО-ДПМНЕ


Александар Каровски
ВМРО-ДПМНЕ


Аница Пупиноска
СПМ


Зоран Костовски
ВМРО-ДПМНЕ

# СОВ
## ВО СОВЕ


Јорданчо Тодосиев
ДС


Суза Николовска
ВМРО-ДПМНЕ


Дејан Тимовски
ВМРО-ДПМНЕ


Марјан Крстевски
ВМРО-ДПМНЕ


Јадранка Антевска
ВМРО-ДПМНЕ


Кирил Псалтиров
ВМРО-ДПМНЕ


Николај Чифутов
ВМРО-ДПМНЕ


Ѓулсефа Куртеши
СРМ



Борис Георгиевски
СДСМ



Катерина Силјановска
СДСМ



Зоран Каранџуловски
СДСМ



Марјан Јаневски
СДСМ

# ветници

На ден 16.04.2009 година се конституира новиот Совет на Општина Гази Баба.

За Претседател на Советот е избран Милан Андоновски. На наредната седница се формираа и комисиите кои се составен дел од работа на Советот.

## ЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



Соња Глинчарска
СДСМ



Бобан Добревски
СДСМ



Зоран Јовевски
ВМРО-НП



Соња Каранџуловска
ВМРО-НП



Сашо Начовски
ВМРО-НП



Бурхан Садики
Нова Демократија



Мифтар Кадри
ДУИ



Горан Стојменовиќ
ВМРО-НП и ТМОРО-ВЕП




# Спортско забавни активности во Детелинка



На 21.05.2009 населбата Триангла, во објектот Детелинка при ЈОУДГ 25 Мај, се одржа спортско забавни активности под мотото "Играме, вежбаме и растеме".

Ова е годишна приредба на која учествуваа големите групи од детската градинка.

Целта е најдобро да се подготват децата за нивното поаѓање во училиште.



## *Играме, вежбаме, растеме*

■ ЈУДГ "25 мај", во објектот "Калинка" традиционално и годинава во соработка со Друштвото за спортски активности "Олимпиас" организираа спортска манифестација, која имаше спортско - забавен карактер.

Игрите беа дел од завршните активности, предвидени во Годишната програма на ЈДУ "25 мај".

Манифестацијата се одржа под мотото "Играме, вежбаме, растеме."







# Топки брзи, лесни - забава со песни

ЈУДГ "Детска радост" во соработка со Отворени забавни фудбалски школи, традиционално и годинава организираа спортска манифестација, чија цел беше низ игра и забава децата да се изградат во здрави личности.

Манифестацијата се одржа под мотото 'Топки брзи, лесни - забава со песни."









# Филиграни

■ По повод Денот на планетата Земја, ЈУДГ "25 мај", организира работилница за изработка на филиграни.

Манифестацијата се одржа под мотото "Играме, вежбаме, растеме."



## Баскер Фест во Општина Гази Баба



■ На 3 -ти јуни од 19,00 до 21,00 часот, на Плоштадот Автоcоманда, граѓаните од Општина Гази Баба имаа можност да ги проследат учесниците на Интернационалниот Уличен Фестивал БАСКЕР ФЕСТ.



## Концерт на плоштадот Автокоманда

■ Во рамките на Културно лето Гази Баба, а во соработка со Младински културен центар, на плоштадот Автокоманда на 10 јуни, со дел од својот богат репертоар, се престави Градскиот дувачки оркестар.













# Априлијада 2009



На денот на шегата, на плоштадот Автокоманда дефилираа дечиња од градинките и ученици од основните училишта од Општина Гази Баба и ги покажа своите успешни креации пред своите другарчиња и пред насобраните граѓаните.

Сите градинки и училишта за своето активно учество добија пригодни подароци.













# Виниче 2009



Во манастирскиот комплекс "Св. Илија" во селото Виниче по четврти пат, се одржа традиционалната ликовна манифестација "Виниче 2009". На манифестацијата присуствуваа ученици од сите основни училишта од општина Гази Баба кои што цртаа и изработуваа предмети од глина.

Манифестацијата беше збогатена и со културно-забавна програма на која настапија ученици од ОУ Наум Охридски со својот хор, ритмичка секција и соло изведба на хармоника.

Реализацијата на манифестацијата "Виниче 2009" е помогната од Министерството за култура на Република Македонија.



## Најдобрите ученици од Општина Гази Баба во Охрид

Општина Гази Баба со еднодневна екскурзија во Охрид, ги награди учениците од основните училишта од Општина Гази Баба, кои на државни натпревари годинава имаа освоено награди.



Учениците го посетија Селото на вода, Плаошник и го разгледаа градот.

## Доделување сертификати




Градоначалникот Тони Трајковски свечено ги додели сертификатите на слушателите на курсот по англиски јазик, кој по четврти пат го организираше Општина Гази Баба.

Курсот беше бесплатен за сите граѓани на Општина Гази Баба кои се студенти, невработени, лица корисници на социјална помош и други, а се организираше со цел да се подигне процентот на граѓани во Општината што имаат познавање на странски јазик.

Околу сто граѓани се пријавија и успешно го завршија курсот.

Почна реализацијата на втората фаза од археолошкиот проект Реконструкција на Неолитското село Тумба Маџари. Проектот е финансиран од Министерството за култура на Р. Македонија. За годинава е предвидена изградба на две куќи по принципот на претходните две куќи од 2008 год. Во склоп на неолитското село, ќе се изработи и мини фарма со неколку праисториски домашни животни и мочуриште, со што ќе се долови дел од природното опкружување и секојдневие на нашите претци од времето на неолитот.

Според предвидената динамика согласно се предвидува проектот да се заврши во месец септември.

Доколку сакате да го посетите Неолитското село, во летниот период ќе биде отворено за посетители секој ден и тоа:

- понеделник-четврток 06.00 - 13.00 ч.
- петок - недела 06.00-19.30 ч.







# Реконструкција на Неолитското село (втора фаза)




СКИЦА ЗА ПОРТРЕТ НА
БОРЕ АНГЕЛОВСКИ

Невидлив е.
Не бараj го.
Тој не се наоѓа.
Постои, а не постои.
Го слушаш, а го нема.
Ќе ја крене клепката-се крева завесата.
Играта почнува, а него го нема.
И не од вчера,
и не од завчера-
од раѓање.
А тука е.
Пред тебе, а сепак го нема.

8


Затоа погледни му во очите,
таму се вгнездила: ТАГА-та,
во срцето: КРАЛОТ УМИРА,
врз челото: СКИЦА ЗА ГОБЛЕН СО ПАЈАЧО,
во крвта: ГЕНЕРАЦИЈА БЕЗ МИЛОСТ,
на рамена: СЕРДАРОТ, НА ГОЛЕМИОТ ПАТ,
алилуја: АЛ´ БИГОРИИ ...
Ја затвора клепката: КРАЈОТ НА ИГРАТА,

Итака...
ЧЕКАЈЌИ ГО ГОДО...
распарчен и невидлив
чекори ли,
ЧЕКОРИ...
До денес.
До смртта.
И потаму...

МИХАИЛ РЕНЏОВ

10


КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА
НА МАКЕДОНИЈА

доделува
на
Боре Ангеловски
од Скопје

ДИПЛОМА

за освоена награда за режија на претстава-та „од оваа страна на костенитеˮ, прикажана на XV РАДЕ 1979 г. во Кочани

СКОПЈЕ

СЕКРЕТАР ПРЕТСЕДАТЕЛ


КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА
НА МАКЕДОНИЈА

доделува

на Борче Анѓеловски од Титов Велес

ДИПЛОМА

СО КОЈА СЕ ПОФАЛУВА ЗА ОСТВАРЕНА УЛОГА НА КРАЛОТ БЕРАНЖЕ ВО ПРЕТСТАВАТА „КРАЛОТ УМИРА" ОД ЈОНЕСКО НА ШЕСТАТА РЕПУБЛИЧКА АМАТЕРСКА ДРАМСКА СМОТРА ВО БИТОЛА ОД 9-16 МАЈ 1970 ГОДИНА

СКОПЈЕ

СЕКРЕТАР ПРЕТСЕДАТЕЛ




# IN MEMORIAM

# БОРЕ АНГЕЛОВСКИ

Роден е во Велес, каде што во 1959 година ја почнува својата театарска активност.

Актер, режисер, вљубеник во театарската уметност, еден од најистакнатите и најупорните афирматори на сценскиот аматеризам во Македонија. Од 1974 год. Уметнички раководител на Театарот Чекори, низ кој поминале плејада актери.

На сцената на Чекори, под негово раководство се реализирани над педесет премиерни претстави, кои што се одиграни над петстотини пати, пред околу четириесет илјади гледачи, во Општината, градот Скопје, низ Македонија и во странство, на разни гостувања, фестивали и смотри, на кои има добиено многу награди и признанија.







## Премиера на Театар Чекори

Во рамките на Културно лето Гази Баба, во Културниот Дом "Димитар Влахов" во Автокоманда, Театар Чекори ја изведе својата Премиера "СЛИКАТА" од Ежен Јонеску.

Општина Гази Баба од 14 - 16 мај 2009 година беше домаќин на големата спортска манифестација - Мали Олимписки Игри за основните училишта.

Учествуваа 776 ученици, 74 наставници по физичко воспитување, 50 спортски судии и делегати и 30 медицински екипи.

Учениците се натпреваруваа во шест спортски дисциплини, и тоа:

- Футсал - машки и женски
- Кошарка - машки и женски
- Одбојка - машки и женски
- Ракомет - машки и женски
- Пинг понг
- Атлетика

На свеченото отворање учествуваа 300 ученици од основните училишта од Општината, а за отворени игрите ги прогласи градоначалникот на Општина Гази Баба Тони Трајковски.

Учениците од другите градови беа сместени кај свои врсници од Општина Гази Баба, кои се покажаа како одлични домаќини.

На свечените прогласувања беа доделени 378 медали и тоа:

66 во футсал, 78 во кошарка, 78 во одбојка, 90 во ракомет, 12 во пинг понг, 54 во атлетика, 24 пехари за првите три екипи и 8 тањири за фер плеј.

За успешната реализација на оваа манифестација покрај Општината Гази Баба, помогнаа и Министерството за образование и наука, Федерација на училишен спорт, како и многу фирми - пријатели на Општината.





# МАЛИ ОЛИМПИСКИ И








**РАКОМЕТ ЖЕНСКИ**
I место: Димитар Влахов - Штип
II место: Гоце Делчев - Виница
III место: Блаже Конески - Прилеп

**РАКОМЕТ - МАШКИ**
I место: Тошо Арсов - Штип
II место: Коле Канински - Битола
III Васил: Главинов - Велес

**ОДБОЈКА - ЖЕНСКИ**
I место: Никола Карев - Крушево
II место: Владо Тасевски - Скопје
III место: Видое Подгорец - Струмица

**ОДБОЈКА - МАШКИ**
I место: Сандо Масев - Струмица
II место: Коста Рацин - Радовиш
III место: Драга Стојановска - Скопје

**КОШАРКА - ЖЕНСКИ**
I место: Живко Брајковски
II место: Св. Климент Охридски - Битола
III место: Јосип Броз Тито - Струга

**КОШАРКА - МАШКИ**
I место: Видое Подгорец - Струмица
II место: Тошо Велков - Пепето - Кавадарци
III место: Коле Неделковски - Скопје

**ФУТСАЛ - ЖЕНСКИ**
I место: Никола Карев - Пробиштип
II место: Зини Хани - Велешта
III место: Св. Климент Охридски - Делчево

**ФУТСАЛ - МАШКИ**
I место: Скендер Бег - Скопје
II место: Зини Хани - Велешта
III место: Тефејуз - Скопје

# ГРИ "ГАЗИ БАБА2009"









# Турнири во мал фудбал

■ Со цел да се развие и помогне масовниот, а особено рекреативниот спорт под покровителство на Општина Гази Баба во месните и урбаните заедници, организирани се турнири во мал фудбал на кои учествуваат голем број екипи, како од Општината така и од другите општини од градот Скопје.




■ На иницијатива на Кошаркарската Федерација на Македонија, општина Гази Баба ја посети генералниот секретар на FIBA EVROPA, господин Нар Занолин.

Во делегацијата на FIBA EVROPA, покрај г. Занолин присуствуваа и г. Олаф Рафнсон, член на бордот на FIBA EVROPA и менаџер на работната група за развој за FE.

Повод за посетата на високата делегација на FIBA EVROPA беше донацијата на кошаркарски семафор за новата спортска сала М.А. Ченто.

# Донација на кошаркарски семафор од FIBA EUROPE

# Училишни лиги во мал фудбал и кошарка

Во спортската сала "М.А. Ченто" , Градоначалникот Тони Трајковски ги подели пехарите и дипломите на првите три екипи во мал фудбал и кошарка, кои што се натпреваруваа во рамките на училишните лиги.

Овие спортски активности беа организирани од Општинскиот Сојуз на училишен спорт на Гази Баба и Општина Гази Баба.









**Освоени награди во кошарка**

| | |
|---|---|
| **Прво место** | ОУ "Крсте Мисирков" |
| **Второ место** | ОУ "Дане Крапчев" |
| **Трето место** | ОУ "Вера Јоциќ" |

**Освоени награди во мал фудбал**

| | |
|---|---|
| **Прво место** | ОУ "Крсте Мисирков" |
| **Второ место** | ОУ "Н.Н. Борче" |
| **Трето место** | ОУ "Његош" |



# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА ОД МАНДАТОТ




- Усвоен ДУП УЗ Маџари УБ3 (лок. Кино Маџари)
- Подготвени се предлог Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) за следниве локалитети:
  - лок. заобиколница од клучка Хиподром до клучка Сингелиќ
  - дел од с. Идризово - индустриска зона лок. "Пилко"
- Во процедура се изработка и донесување нацрт планови
  - ДУП дел од УЗ Триангла УБ4 лок. 1 (се спроведува Јавна анкета)
  - ДУП СРЦ Хиподром
  - УПВНМ Спортско рекреативен центар Гази Баба (лок. кај езерото во с. Смилковци)
- Во подготовка се следниве ДУП-ови
  - дел од ИИЗ (источна индустриска зона) лок Запад 1
  - дел од ИИЗ лок Вардариште
  - дел од УЗ Крсте Мисирков лок. (лок. Спортска сала)
  - дел од ИИЗ лок Алкалоид
  - СРЦ Железара



- Завршна фаза на реализацијата на проектот за фекалната канализација на потегот Хиподром, Инџиково, река Вардар во соработка со Градот Скопје и ЈП Водовод и канализација, на потегот од реката Вардар до Ходподром, додека по должината на улицата Благоја Стефковски до црквата Св. Спас се поставува и фекална и атмосферска канализација.
- Довршена е изградбата на филтер станица на системот за водоснабдување во н.м. Раштак
- Во тек е поставување електрична мрежа до резервоарите во н.м. Раштак во соработка со Градот Скопје
- Довршување на секундарна водоводна мрежа во н.м. Камник и набргу почнување на атмосферска и фекална канализација на улицата Јужноморавски бригади кон гробиштата
- Довршена е изградбата на два резервоари во н.м. Виниче со капацитет од по 100 $m^3$ вода.
- Почната е постапка за реализација на нова водоводна мрежа со поставување цефки Ф 500 по должината на ул. Перо Наков во соработка со Градот Скопје и ЈП Водовод и канализација.
- Тампонирани се две улици во н.м. Стајковци со вкупна должина 300 м
- Расчистен и порамнет патот кон новите гробишта во с. Сингелиќ.
- Извршено крпење на ударните дупки во населбите Железара, Автокоманда, Керамидница, дел од улиците во Ченто. Акцијата за крпење на ударните дупки континуирано продолжува во сите населени места.



- Тампонирани се улици во:
  - Јурумлери, месност Кочманово со должина од 400 м
  - Гоце Делчев, месност Бела Вода со должина од 150 м
  - Трубарево, кај Гробиштата со должина од 300 м



- Уредување со павер елементи на дворот на црквата во Брњарци во соработка со Град Скопје
- Почнување на тротоарот на ул. Радован Ковачевиќ нас. Јане Сандански во соработка со Град Скопје
- Во тек е работа на тротоарот на ул. Маџари на потегот од ОУ "Дане Крапчев" до надвозникот во соработка со Град Скопје во должина од 245 метри
- Завршување на тротоар по ул Благоја Стевковски од десната страна во соработка со Град Скопје
- Завршување на тротоар по бул. Александар Македонски во соработка со Град Скопје
- Во постапка е изработка на проект за тротоар на регионалниот пат Р103
- Направена такси станица во н. Железара
- Тековно одржување на уличното осветлување, заменети 240 светилки од 125W, 110 светилки од 250W
- Поставен е електричен кабел во должина од 150 м во МЗ Алија Авдовиќ
- Поставени се осум соларни светилки за осветлување на двата моста на регионалниот пат Р103.
- Чистење на дел од коритото на потокот низ с. Црешево
- Машинско чистење на ободниот канал с. Сингелиќ
- Во тек е чистење на Инџиковски канал на потег од Хиподром до Ченто во соработка со Градот Скопје
- Реализација на проект "Цвеќето и зеленилото во нашата општина" во соработка со НВО "Организација на жени на Општина Гази Баба"



- Спроведена акција за чистење на кејот на реката Вардар
- Спроведена е пролетна акција за почиста општина во соработка со Градот Скопје.
- Спроведена акција за расчистување на дивите депонии во соработка со ЈП Комунална хигиена
- Извршена е пролетна дератизација на шахтите
- Континуирана реализација на програмата за уредување, озеленување и одржување на чистотата на јавните површини од страна на ЈКП "Гази Баба 2007"



- Ангажирани се 80 сезонски работници во соработка со Владата на РМ кои ќе работат на одржување на хигиената на територија на цела општина и одржување на јавни зелени површини
- Доопремување на ЈКП со опрема за извршување на тековните работи



- Спроведена акција за отстранување на хаварисаните возила од јавните површини во општината
- Изградени детски забавни игралишта во н. Автокоманда, н. Ченто и н.м. Црешево
- Санација на игралиште за мал фудбал во училиштето во Брњарци
- Изградено детско игралиште во нас. Триангла (зад Напредок)
- Извршена санација на спортските сали во училиштата Крсте Мисирков, Дане Крапчев, Стив Наумов, Наум Наумовски Борче, во соработка со Министерство за образование
- Извршена санација на игралиштето за мал фудбал во Триангла
- Во тек е почнување на изградбата на фудбалскиот стадион во н.м. Трубарево во соработка со Агенцијата за млади и спорт
- Одржани се Малите олимписки игри на коишто присуствуваа 1600 деца од целата држава
- Успешно реализирана училишна лига во мал фудбал и во кошарка
- Давање поддршка за организирање турнири во мал фудбал низ општината (финансиска помош, опрема, уредување на спортските терени)



- Обезбедена е донација од FIBA EUROPE на кошаркарски семафор за новата сала Методија Андонов Ченто во соработка со Кошаркарската федерација на Македонија.
- Потпишан меморандум за соработка со Општина Велење
- Реализирани се следниве културни манифестации: Ликовна колонија "Виниче 2009", Априлијада, Премиера во Театар Чекори, Концерт на Градскиот дувачки оркестар, Баскер фест.
- Во текот на месец мај градоначалникот со дел од општинската администрација ги посетија сите месни и урбани заедници.
- Во н.м. Црешево и Трубарево беа извршани бесплатни систематски прегледи во соработка со Заводот за здравствена заштита



- Учество во акцијата Хумана недела за помош на најзагрозените семејства во соработка со Црвен крст на Општина Гази Баба
- Спроведена акција за дарување крв во соработка со Црвениот крст
- Одржана средба на сите месни и урбани заедници со градоначалникот на Градот Скопје и директорите на Јавните претпријатија
- Хуманитарна забава за децата болни од Цистична фиброза
- Остварена средба со над 400 граѓани во приемните денови



- Следниве проекти се во фаза на отпочнување и наскоро ќе бидат реализирани:
  - Носење на ДУП за студентскиот центар "Стив Наумов"
  - Бесплатна телефонска линија за граѓаните
  - Изградба на повеќенаменско спортско игралиште во н.м. Јурумлери и Стајковци во соработка со Агенцијата за млади и спорт
  - Решавање на проблемот со атмосферска вода на последна 16-ка
  - Довршување на кошаркарското игралиште во нас. Железара во ОУ "Григор Прличев" (асфалтирање 150 $м^2$)
  - Изработка на тротоар во нас. Автокоманда на ул Јани Лукроски покрај оградата на ОУ "Стив Наумов" во должина од 215 м/ширина 2,0 м
  - Изградба на сквер за одмор и забава на просторот помеѓу ОУ Стив Наумов и Месната заедница
  - Изградба на мини спортско-забавно игралиште во Керамидница помеѓу пругите кај ЖАС
  - Изградба на фекална канлизација во месноста Стара Кланица во Керамидница
  - Изградба на тротоар од Пожарна до ресторан Дојрана во соработка со Градот Скопје
  - Асфалтирање на игралиштето на ул. Палмиро Тољати
  - Проширување на мостот кон Инџиково преку каналот кај игралиштето на Солидарност
  - Изградба на детско забавно игралиште во н.м. Инџиково
  - Изградба на спортско забавно игралиште во н.м. Вардариште
  - Изградба на детско забавно игралиште во с. Булачани
  - Изградба на мини спортско игралиште во с. Црешево
  - Изработка на детско игралиште во н.м. Јурумлери
  - Санација на забавното игралиште во н.м. Колонија
  - Поставување на детски забавни реквизити во Маџари кај амбулантата
  - Уредување на постојните спортски терени во ОУ "25 Мај"
  - Изградба на тротоар во н.м. Трубарево од каналот до Црквата, и проширување на мостот преку каналот
  - Изградба на тротоар во Стајковци од училиштето кон клучката на обиколница
  - Изработка на заштитна ограда на игралиштето за мал Фудбал во с. Раштак

Пејзаж од Виниче



## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**

Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 21 22 76 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 23 89 66 и 02/ 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 25.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:** Емилија Кипровска

**Лектор:** Лидија Антоновска

**Компјутерска обработка и дизајн:** Дејан Стојанов

**Печати:** Европа 92

**Тел:** 02/3 22 28 76; 3 22 66 55; 3 23 89 66;